Slow Food® Macedonia

ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА ТЕМАТСКИ МРЕЖИ

Опис на документот



Врз основа на член 19 од Статутот на Слоу Фуд Македонија, Националниот совет на седницата одржана на ден 30.06.2019 година го донесе, а на седницата на НС и НО, одржана на 10.05.2026 го измени и изгласа следниот

ПРАВИЛНИК ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА ТЕМАТСКИ МРЕЖИ НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА

Член 1

Опфат на правилникот

(1) Со овој правилник се уредува формирањето, работата и престанокот со работа на тематските мрежи.
(2) Тематска мрежа се организира водејќи се од полето на интерес и потребите на одредена група на членови на Слоу Фуд Македонија.
(3) Тематските мрежи се хоризонтално поставени структури, групирајќи членови од различни конвивиуми, но притоа агрегирајќи и поединци (експерти во областа, познавачи, поддржувачи) како и компании и јавни институции кои имаат интерес да дадат придонес на одредена тема.

Член 2

Дефиниции

- Тематски мрежи се интерни секции на членовите на Слоу Фуд Македонија во рамки на мрежата кои овозможуваат премостување на локалните и географските поделби со обединување на луѓето околу одредена специфична кауза (интерес или тема на работа/делување) во рамки на филозофијата и делувањето на Слоу Фуд.
- Координатор на тематска мрежа е лице избрано да ја координира мрежата и да комуницира со нејзините членови , извршната канцеларија и сличните на неа мрежи на меѓународно ниво.

Член 3

Формирање на тематска мрежа

(1) Формирањето на тематските мрежи се врши по пројавена потреба за тематско поврзување, односно иницијатива за формирање на тематска мрежа поднесуваат најмалку пет членови на Слоу Фуд Македонија, до Националниот одбор (НО), во писмена форма.
(2) НО ја разгледува иницијативата и му дава препорака на Националниот совет (НС) истата да биде прифатена т.е. формирана или одбиена, со соодветно образложение.
(3) За формирање на тематска мрежа одлука носи НС на Слоу Фуд Македонија.
(4) Тематските мрежи се формираат по принцип на паралелност, односно секоја формирана секција мора по својот обем и интерес на работа, односно поле на активност да биде на приближно исто ниво со останатите секции.
(5) Тематската мрежа треба да овозможи поголема функционалност, градење на капацитетите на групата на членови, креативност и слобода во делувањето во специфичната тема или област.

(6) Не е возможно да се формира тематска мрежа која според својот интерес и поле на делување претставува само продлабочување на една од постојните тематски мрежи.

Член 4

Координатор на тематската мрежа

(1) Секоја тематска мрежа има свој координатор.
(2) Координаторот на тематската мрежа го избира НС на Слоу Фуд Македонија, на предлог од НО.
(3) Координацијата на тематските мрежи се прави задолжително во соработка со извршната канцеларија и програмскиот сектор на Слоу Фуд Македонија.
(4) Координаторот на тематската мрежа може да присуствува на состаноците на НО и НС на Слоу Фуд Македонија, со цел да ги информира за текот на активностите и проектите кои секцијата ги реализира, но нема право на глас при донесување на одлуките на НО.

Член 5

Програма за работа

(1) Координаторот на мрежата е должен да изготви план и програма за работа на тематската мрежа, која ја доставува на разгледување на Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија.
(2) Годишниот план за наредна година и извештај за изминатата година, најпрво се презентират пред Националниот одбор, потоа и пред Националниот совет. Истите се вклучени во годишните планови и извештаи на организацијата.
(3) Прифатените активности НО ги инкорпорира во програмата за работа на Слоу Фуд Македонија.

Член 6

Ресурси за работа

(1) Тематската мрежа за потребите на своето работење може да поседува одделна банкарска сметка во Слоу Фуд Македонија, преку која би се финансирало нејзиното работење.
(2) Финансиските средства на сметката би биле од прилози на членовите на тематската мрежа, спонзори и донатори, средства од Слоу Фуд Македонија наменети за тематската мрежа итн., кои би се прибирале во согласност со Правилникот за прибирање (и распределба) на финансиски средства.
(3) Увид во сметката има координаторот на тематската мрежа и НО.

Член 7

Престанување со работа на тематската мрежа

(1) Доколку бројот на членовите во една постојна тематската мрежа се намали под пет, истата престанува да постои.

(2) Доколку тематската мрежа не е активна и/или работи спротивно на принципите и филозофијата на организацијата, престанува да постои.
(3) Одлука за престанување на работа тематската мрежа носи НС на Слоу Фуд Македонија.

Завршни одредби

Член 8

Право на толкување на одредбите од овој правилник има НС на Слоу Фуд Македонија, а меѓу две седници на НС тоа право го има НО.

Член 9

Постапката за менување на овој правилник е иста како и постапката за негово донесување.

Издание: **02**
Датум: **10.05.2026**